Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 31, 16 ноември 2009 година

ноември 2009 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област анестезиологија на Високата здравствена школа - Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област оториноларингологија - Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставна област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставна област урологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 46

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научно подрачје инфектологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научно подрачје трансфузиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник-предавач (специјалист) за наставна област дерматовенерологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 82

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област хирургија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 89

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област протетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 99

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област ортопедски болести на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 105

**РЕФЕРАТ** за избор во наставно звање асистент (специјалист) за наставно подрачје радиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 112

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област офтамологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 120

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област микробиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 134

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање - предавач во наставно подрачје стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 148

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област патологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 151

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звања доцент во наставно-научна област микроекономија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 153

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 164

**РЕФЕРАТ** по основ на објавен оглас за избор на двајца соработници за наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање ........ 173

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на предметот Јавно здраство и здраствена заштита на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 177

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Основи на сточарското производство“ од Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски Факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 182

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Анатомија со физиологија на домашните животни“ од Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 184

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МИКРОЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-66/3 од 29.6.2009 година донесена на 30. седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 23.6.2009 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на **наставник во насловено звање доцент** за наставно-научната област **микроекономија.**

Конкурсот беше објавен во весникот „Вечер“, на 15.6.2009 година, и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Митко Кочовски. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, на наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Митко Кочовски** е роден на 23 август 1954 година во Скопје. Основно образование завршува во Скопје (1969 година). Средно образование завршува во Гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин“ во Скопје (1973 година). Образованието го продолжува на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (1978 година).

Постдипломските студии од областа на економскиот развој ги завршува на Економскиот факултет во Скопје (2005 година), а докторат од областа на економскиот развој на Факултетот за бизнис економија во Скопје (2008 година).

***Професионални ангажирања***

Рудници и железарница „Скопје“ - Скопје

- 1978 г. - одговорен економист во ООЗТ Валавница за слабови и дебели лимови
- 1983 г. - одговорен за книговодство на Рудници и железарница „Скопје“ - Скопје
- 1985 г. - директор за финансии на Рудници и железарница „Скопје“ - Скопје
- 

„Технометал-Вардар“ Скопје

- 1989 г. - помошник-директор на Работна заедница за финансиско, книговодствено, планско-аналитичко и АОП работење
- 1990 г. - директор на Заеднички служби за економика и финансии

Јавно претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ -Скопје

- 1993 г. - директор на сектор за комерцијално финансиски работи

„Палер“ Македонски авиотранспорт

- 1996 г. - помошник на генералниот директор

„Макпетрол“ АД Скопје

- 1996 г. - директор на дирекција за гасификација
- 1996 г. - помошник на генералниот директор за економски прашања и претседател на бордот на директори на „Макстил“ АД Скопје

„Макстил“ АД Скопје

- 1997 г. - генерален директор
- 2003 г. - помошник на генералниот директор за економски прашања
- 2009 г. - директор за стратешко планирање, финансиски инженеринг, економски истражувања, информации и анализи

***Ангажирања надвор од професионалните обврски***

- Во органите и телата на Стопанската комора на Македонија и нејзиниот Постојан избран суд (Арбитража).
- Во органите на Стопанска банка – Здружена банка Скопје, Комерцијална банка Скопје, ЗОИЛ „Македонија".
- Претседател на Надзорниот одбор на Здружението на југословенските железари.
- Надворешен член на Советот на Економскиот факултет во Скопје.
- Секретар на Сојузот на економистите на Македонија.
- Секретар на Сојузот на сметководствено - финансиските работници на Македонија.
- Член на Економскиот комитет на Светската асоцијација на аеродроми.
- Заменик-претседател на Здружението на енергетиката и црната и обоена металургија при Стопанската комора на Македонија.
- Член на Управниот комитет на проектот „Техничка помош за реструктуирање на Секторот за челик во РМ" (финансиран од ЕУ, а раководен од Европската агенција за реконструкција).
- Член на проектниот тим на Министерството за економија за изготвување Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија

***Денешни ангажирања***

- Член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија.
- Претседател на Групацијата на црната, обоената металургија и леарниците во рамките на Македонската асоцијација на метали при Стопанската комора на Македонија.
- Именуван експерт од страна на Стопанската комора на Македонија за соработка со Секторот за економски политики и регулаторни реформи при Владата на Република Македонија.
- Именуван арбитер на Постојниот избран суд (Арбитража).
- Претставник на „Макстил" во Европската бизнис асоцијација, Американско-македонската комора на стопанственици, Македонско-швајцарската комора, Советот на странски инвеститори и Глобалниот договор на ООН.
- Член на Одборот на директори на РЖ Економика.

***Студиски престој***

- Кошице, Словачка 1986 г., во рамките на експертска размена според Програма на ООН за користење на информатичките технологии за техно-економски анализи на металуршките процеси.
- Вашингтон, САД 1995 г., Институт за јавно и приватно партнерство во сообраќајната инфраструктура „Project appraisal, analysis & financing techniques".

***Едукации во последниве неколку години***

International Finance Corporation:

- Факторинг – техника на финансирање, Скопје, јуни 2004 г.
- Globalization and Steel Industry Trends, Скопје, февруари 2005 г.
- Coaching, Скопје, февруари 2005 г.
- Financial Management, Скопје, февруари 2005 г.
- Cost Management, Скопје, март 2005 г.
- Contemporary Management and HR Management, Скопје, март 2005 г.

Институт за пословна истраживања - Белград

Специјалистички семинари:

- Финансиска анализа у функцији оцене бонитета предузећа, Белград, февруари 2005 г.
- Оцена бонитета предузећа у светлу класичних метода и међународних стандарда – BAZEL II, Белград, февруари 2005 г.

***Учество на позначајни домашни и меѓународни конференции***

1. "Sources of finance for airport development in Europe" Airports Council International, London 10-12.2.1994
2. "Airports- partners in vital economies" Airports Council International, Torino 8-10.12.1994
3. "Airport development- financial perspectives" Airports Council International, Prague 7-9.6.1995
4. Трета конференција на Сојузот на металурзите на Македонија- Охрид 4-6.5.2000 г. (поздравен говор)
5. Trends in Steel Consumption – Responding to Market Needs – Budapest – 11-12.9.2000
6. Четврта конференција на Сојузот на металурзите на Македонија – Велес 4-6.5.2001 г. (излагање)
7. European community – Macedonia Contact Group for the Implementation of the Protocol on additional Trade Arrangements for certain Iron and Steel products – Brussels 20.2.2001
8. Бизнис форум за регионална стопанска соработка – Софија, 20-21.2.2002 г. (излагање)
9. Петти состанок на контакт групата за железо и челик меѓу Република Македонија и ЕУ за имплементација на Протоколот 2 за производи од железо и челик - Скопје 26.2.2002 г. (излагање)
10. The World Bank, The European Bank For Reconstruction and Development "Institutional Reform for Investment and Growth in South Eastern Europe" June 26th, 2003, Budapest, Hungary
11. European Centre for Minority Issues- Економски форум – Скопје 3.12.2004 г.
12. Министерство за економија - Стратегија за приватизација на АД ЕСМ - Скопје 18.1.2005 г.
13. Влада на Република Македонија, УСАИД, Проект за усогласување со СТО – Конференција за унапредување на извозот – Скопје 11.4.2005 г. (излагање)
14. Влада на Република Македонија, Европска бизнис асоцијација, Фондација „Киро Глигоров" и делегација на Европската комисија - Влијанието на спогодбата за стабилизација и асоцијација врз бизнис секторот – 7.6.2005 г. (излагање)
15. Здружение на енергетичарите на Македонија – Современи енергетски трендови во металургијата – Скопје 16.11.2005 г.
16. Народна банка на Република Македонија – „Енергетската потрошувачка во Република Македонија и нејзиниот ефект врз билансот на плаќања" – Скопје 23.11.2005 г.
17. Влада на Република Македонија, УСАИД, Проект за усогласување со СТО – Конференција за унапредување на извозот – Скопје 3.3.2006 г. (излагање)
18. Македонска берза на хартии од вредност „Корпоративно управување" 14.6.2006 г.
19. Национален форум „Кон забрзан економски раст" УНДП Македонија, Скопје, 26.10.2006 г.
20. КАПИТАЛ магазин – „Предизвиците на македонската челична и метална индустрија"- Скопје 18.12.2006 г. (воведно излагање)
21. КАПИТАЛ медиа гроуп - Прва европска конференција – Фондовите на ЕУ - можности и перспективи – Скопје 1.10.2007 г.
22. V конгрес на Сојузот на металурзите на Македонија, Охрид 17-20.9.2008 г. ( клучно предавање)
23. Меѓународно советување „Енергетика 2008", Охрид 9-11.10.2008 г. (воведно излагање)
24. Јавна расправа „Справување со кризата-функционални мерки за одржлив развој", Национален совет за евроинтеграции и Стопанска комора на Македонија, Скопје 19.2.2009 г. (излагање)

***Учество во позначајни истражувачки проекти***

1. Студија „Амортизацијата како фактор на развој на црната металургија на Југославија" Здружение на југословенските железари, Белград 1986 г.
2. Студија на British Steel Consultants LTD за преструктуирање на југословенската црна металургија-фаза 2 (делот за македонската челична индустрија), 1990 г.

3. Концептуално решение за интегрален информационен управувачки систем на „Технометал-Вардар“ според „Business System Planning for Strategic Alignment„ методологијата, Скопје 1990 г. – раководител на проектот
4. Проект за изработка на физибилити студија и мастер план за Скопскиот аеродром со Друштвото за аеродромски инженеринг на аеродромот Брник во Љубљана, 1994 г.
5. Студија за развој на воздушниот сообраќај на Република Македонија со “Wilbur Smith Associates”, Washington DC USA 1996
6. Проект „Челик со македонско сонце“, Технолошко-металуршки факултет Скопје, Фондација за стратешки истражувања „Киро Глигоров“. Центар за стратешки истражувања и документација „Форум“; Фондација за стратешки истражувања „Капитал“ - Скопје, септември 2000 г.
7. Проект „Челична европска ѕвезда“ во рамките на Втората работна маса за економска реконструкција, развој и соработка на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Скопје, декември 2000 г.
8. Студија „Развојно значење на индустријата на железо и челик“ (со посебен осврт на „Макстил“ АД Скопје) со Економскиот факултет од Скопје, 2001 г.
9. Национална програма за преструктуирање на челичната индустрија во Република Македонија со Euro Strategy Consultants од Лондон, 2003 г.
10. Национален проект за институционализирање на трансграничната соработка преку етаблирање на еврорегион во триаголникот Софија - Ниш - Скопје – регионална подгрупа за челик, Скопје 2002 г.
11. Проспект за „Макстил“ за котација на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност, Скопје 2003 г.
12. “Assessment of Makstil’s scrap metal suppliers in Macedonia” IFC- Southeast Europe Enterprise Development, Skopje 2004
13. European Commission, Technical Assistance Information Exchange Instrument (TAIEX), DG Enlargement, Workshop “Global recession: Challenges and Future Trends in Ferrous and Non-Ferrous Metallurgy in the Region, with special emphasis on Steel Industry (член на Иницијативен одбор и предвиден излагач), Скопје, септември 2009 г.

1. Предавање на Економски факултет во Скопје на тема „Актуелните состојби во челичната индустрија во светот”, септември 2008 г.
2. Предавање на Технолошко - металуршки факултет во Скопје на тема „Потребни вештини за развој на професионална кариера”, мај 2009 г.
3. Предавање на Академијата за новинарство на тема „Актуелните состојби во челичната индустрија во Република Македонија”, мај 2007 г.

***Научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Митко Кочовски покрај професионалните ангажмани цели три децении во континуитет се занимава и со научноистражувачка дејност и има објавено бројни трудови во земјава и во странство, како и учества на значајни домашни и меѓународни конференции и советувања.

Од обемниот список на објавени трудови приложуваме евалуација на позначајните:

Во трудот **„Финансиската функција во реализацијата на покренатите активности за производна и економска консолидација на Скопската железарница“** (објавен во „Стопански весник“ бр.1629 на 15.2.1986 г.) го нагласува значењето на активностите од доменот на финансиската функција во деловниот процес, упатува на соодветно осмислување на финансиската стратегија, финансиската политика и на изборот на инструменти за управување со финансиите во услови на нагласена стопанска нестабилност. Трудот се повикува на 11 тогаш исклучително теоретски релевантни извори.

Во трудот **„Улогата на интегралниот информациски систем во претпријатието“** (објавен во „Стопански весник“ бр.1753 на 1.3.1991 г.) ја истакнува тогаш во зачеток информатичката функција односно потребата од напуштање на фазниот, сегментарен, неповрзан пристап во развојот на информационите системи и креирање на тотален сеопфатен интегрален пристап поддржан од соодветни хардверски и системски решенија како валидна основа за стратешко планирање и оперативно управување и одлучување на сите нивоа на деловниот процес.

Во трудот **“Business system planning for strategic alignment”** (објавен во весникот на „Технометал-Вардар“ бр.22 на 3.11.1990 г.) го образложува концептуалното решение за планирање и развој на интегралниот информациски систем на претпријатието како основа за натамошно развивање на информатичката функција и за менување на филозофијата на неговото проектирање, реализација и функционирање.

Во трудот **“Awakened from a deep sleep”** (објавен во “Financial times survey“ на 17.12.1997 г.) го експлицира значењето на реактивирањето на водечкиот капацитет на челичната индустрија во Република Македонија за нејзините макроекономски показатели, поврзувајќи го со неговото вклучување во корпоративната стратегија на групацијата “Duferco“. Притоа ја нагласува потребата од структурното приспособување на „Макстил“ на нормалните меѓународни пазарни критериуми.

Во трудот **„Без развој, тивко умирање или брз банкрот“** (објавен во неделникот „Форум“ на 27.10-9.11.2000 г.) го нагласува значењето на неодложните вложувања во осовременување на инсталираните капацитети и процесни линии, како императив за опстојување во услови на изострена меѓународна конкуренција.

Во трудот **„Перспективите се во челикот со македонско сонце“** (објавен во неделникот „Форум“ на 25.5.- 7.6.2001 г.) го нагласува одлучувачкото значење на националното потекло на челикот како услов за негов извоз во ЕУ, поврзувајќи го со потребните инвестиции во целосна реконструкција и модернизација на челичанското производство и подобрувањето на неговите економски перформанси, согласно со нормалните критериуми на пазарното стопанисување.

Во трудот **„За проблемите на македонската челична индустрија“** (објавен во неделникот „Капитал“ бр.121 на 21.2.2002 г.) прави критички осврт на отсуството на владино концептуално решение за преструктуирање на националната челична индустрија како експлицитна обврска од евроинтеграциската агенда, односно на отсуството на соодветни системски решенија за нејзино опстојување во нормални европски пазарни околности.

Во трудот **„Преструктуирањето на челичната индустрија и евроинтеграциските процеси“** (објавен во стручното списание „Бизнис медиум“, ноември 2005 г.) ја обработува регулативата по прашањето на челикот и челичните производи во односите со ЕУ, преструктуирањето на челичната индустрија на Република Македонија, како обврска од Спогодбата за асоцијација и стабилизација со ЕУ изложувајќи го на сериозна критика фактот што и покрај декларацијата дека станува збор за национална стратегија државата се огради од каква и да е поактивна улога во нејзината имплементација.

Во трудот **„Развојни инвестициски планови на Макстил“** (објавен во првиот Билтен за челик на Република Македонија на Министерството за економија и УСАИД во 2007 г.) предвиден со Протоколот 2 од Спогодбата за асоцијација и стабилизација со ЕУ ги експлицира бизнис проекциите на „Макстил“ предвидени со споменатиот национален макропроект, задржувајќи се посебно на посочените споредбени критериуми за конкурентност со европските челични индустрии.

Трудовите доставени за објавување во весникот „Нова Македонија“ (планирани за крајот на јуни 2009 г.) во девет продолженија даваат целосна слика на феноменот на челикот како основа на современата индустриска цивилизација; потоа на „мини“ железарниците како нов феномен на современиот развој на светската челична индустрија; глобалните услови во светската економија по Втората светска војна и појавата и развојот на челичната индустријата во Република Македонија; потоа проблемите на челичната индустријата во Република Македонија во новата политичка констелација; македонската челична индустрија и евроинтеграциските процеси и Националната стратегија за преструктуирање на челичната индустрија во Република Македонија; деловната стратегија на „Duferco“ за реализација на концептот на „мини“ железарница во Скопје; македонската челична индустрија и новите електроенергетски системски решенија и приспособувањето на новите европски еколошки стандарди како детерминирачки фактор на новите развојни опции на националната челична индустрија.

Проектот **„Челик со македонско сонце”** работен заедно со Технолошко-металуршкиот факултет од Скопје, Фондацијата за стратегиски истражувања „Киро Глигоров”, Центарот за стратегиски истражувања и документација „Форум” и Фондацијата за стратегиски истражувања „Капитал”, претставува сериозен истражувачки напор со стратешко значење за редефинирање и развој на челичниот комплекс набљудуван низ призмата на целосно интегрална железарница и во нејзина тесна поврзаност со останатата металопреработувачка индустрија во Република Македонија.

Проектот „Челик со македонско сонце” претставува конкретна иницијатива и сериозно научно заснована проекција на развојот на металскиот комплекс во Република Македонија.

Тој се раководи од европските искуства во приватизирањето на националните челични индустрии и претставува економски издржан концепт на заокружување на процесот на приватизацијата на националната челична индустрија, нејзино репроцелинско поврзување, воспоставување на односи на потесна производно трговска соработка, односно поврзаност на сопственичка основа со реномирани меѓународни компании.

Проектот исто така предвидува неодложни вложувања во реконструкции и модернизации, воведување на современи технолошки решенија, управувачки вештини и модерен маркетиншки пристап со цел оптимализирање на трошковната структура на произведениот челик, диверзификација на неговиот производен асортиман, подобрување на неговиот квалитет и елиминирање на загадувањето на работната и животната средина, како услов за подобрување на сопствената конкурентност во меѓународната размена и како основа за развој на домашната металопреработувачка индустрија.

Проектот **„Челична европска ѕвезда”** има меѓународна научна димензија и се реферира на општествено-политичката рамка и оправданост на Проектот „Челик со македонско сонце“ и е во директна функција на имплементирање на неговата основна цел – промовирање на стратешкото значење на концептот за ревитализација и реафирмација на металургискиот комплекс посматран низ перспективата на целосно интегрална железарница, а согласно и во контекст на целите и задачите на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа. Проектот е реализиран во рамките на неговата Втора работна маса за економска реконструкција, развој и соработка. задолжена да ги покрене прашањата во врска со економската соработка во регионот и меѓу регионот и остатокот од Европа и светот, да изврши промовирање на слободните трговски подрачја, да го олесни трансграничниот сообраќај, да се залага за подобрување на енергетската ефикасност и заштитата на човековата околина; да го развива претприемаштвото, дерегулацијата и транспарентноста и да го одржува интегритетот на донаторско-координативниот процес. Проектот „Челична европска ѕвезда” покажува висок степен на компатибилност со тематскиот опсег на Работната маса II. Значењето на производството на челик за вкупните економски перформанси на Република Македонија, неопходноста од пристап на македонскиот челик на пазарите во Унијата и соседните држави (заради реализација на

вкупната годишна продукција), одржувањето на легитимитетот на производител на челик според европските критериуми и стандарди и исклучителната податливост на челикот за развојот на регионалната соработка се основните глобални постулати на кои се заснова проектот. Притоа, имајќи го предвид мандатот на Втората работна маса на Пактот за стабилност како меѓународно-правна и политичка рамка за иницирање на активности од доменот на регионалната соработка, а со цел постигање на стабилност во регионот и економски просперитет, проектот таргетира неколку меѓусебно функционално поврзани општи цели: реализација на македонскиот челик во регионот; иницирање на процеси на хармонизирање на правната рамка која ги регулира односите во областа на производството, преработката и трговијата со челик и челични производи согласно со релевантните европски правила и стандарди; поттикнување на развојот на металните комплекси на државите во регионот, модернизација на нивните национални индустрии и создавање на тој начин претпоставки за економски просперитет на регионот на Југоисточна Европа; иницирање активности за привлекување на странски директни инвестиции и други форми на меѓународна финансиска поддршка. Проектот истакнува дека челикот дефинитивно останува значаен фактор на регионалната соработка и регионален приоритет кој недвојбено наложува заедничка регионална развојна стратегија, што е во согласност со експлицитно дефинираната политика на Европската унија спрема регионот.

Трудот **„Развојното значење на индустријата на железо и челик со посебен осврт на компанијата Макстил“**, работен со група професори од Економскиот факултет во Скопје претставува обемно научно истражување (142 стр.) иницирано од сопственичката структура на АД „Макстил“. Тоа е антиципација и прилог кон подготовките за изготвување на Националната програма за реструктуирање на челичната индустрија во Република Македонија. Како основна цел на истражувањето е вреднувањето на стратешкото значење на челичната индустрија за развојот на Република Македонија и во тие рамки на развојната улога на компанијата „Макстил“, членка на “Duferco“ групацијата. Основна задача на истражувањето е нагласувањето на потребата за структурно приспособување на оваа индустрија, заради подобрување на нејзината конкурентна способност за опстојување во нормални услови на пазарно стопанисување. Од содржински аспект, обработено е местото на индустријата на железото и челикот во развојната политика; утврдена е зависноста на развојот на индустријата од индустријата на железо и челик со примена на методот на корелациона анализа; извршено е квантифицирање на индустријата на железо и челик врз носечките макроекономски показатели; извршено е оценување на степенот на истрошеност на средствата, нивната ефикасност и нивната технолошка модернизација во споредба со индустријата во целина. Трудот е и во фукција на изготвување на бизнис план за преструктуирање на АД „Макстил“ во рамките на глобалната национална програма за реструктурализација на индустријата на железо и челик, што имплицира потреба за натамошно следење на аспектите релевантни за споменатата програма.

Трудот **“Developing Challenges and Perspective of the Macedonian Steel Industry“** презентиран на V конгрес на Сојузот на металурзите на Македонија со меѓународно учество во Охрид (17-20.9.2008 г.) претставува исклучително актуелна тема која го отвора прашањето за челикот како предизвик за развојните перспективи на националната економија покренувајќи суштествени и многу актуелни прашања кои повеќе од четири децении го проблематизираат економското значење на националната челична индустрија и нејзината перспективност. Истакнато е значењето на челичната индустрија во дадената економска констелација и во догледна перспектива, генерирачките потенцијали на самата гранка и нејзината перспективност условена од елементарните претпоставки за нејзин одржлив развој, високите индуцирани ефекти кај поврзаните индустри и мултипликативните ефекти кои не досегаат само до нивото на директните комитенти на влезната и на излезната страна, туку се шират и натаму допирајќи до крајната периферија на репродукциониот циклус, при што таа дифузија преку “FORWARD LINCKAGES” кон повисоките фази на финализацијата, како и кон претходните фази (“BACKWARD LINCKAGES”) генерира дополнителни акцелелирачки импулси во националната економија во

целина и нејзините рефлексии врз макроекономските перформанси на земјата и одговорот е без каква и да е двојба потврден. Притоа гледиштето е низ призмата на дадената индустриска структуираност која е објективно неменлива одлика на националната економија во догледен временски период и која под одредени претпоставки кои треба да обезбедат нормални услови за пазарно стопанисување на субјектите од челичниот сектор може во значителна мера да кореспондира со поволните трендови и економски услови за гранката на поширок глобален план. Од тие причини актуелното економско значење на светската челична индустрија потврдено со речиси експоненцијалниот раст на побарувачката во почетокот на новиот милениум, нејзината позиционираност во светското стопанство со историската генеза на поважните настани поврзани со нејзиниот развој, основните металуршки постапки и вршените структурни приспособувања во насока на оптимализација на капацитетните големини и мини железарите како нов феномен на современиот развој односно нејзината адаптибилност на современите технолошки и меѓународни пазарни трендови се носечки содржински одредници кои нудат издржана компаративна анализа, како заради објаснување на нејзината структуираност и техноекономска детерминираност, така и заради тесната поврзаност со случувањата кои имаа силни рефлекси врз локалните услови. Појавата и развојот на челичната индустрија во Република Македонија заради спецификите на историскиот контекст, корените на структурните диспропорции и специфичните развојни проблеми со оглед на сè уште присутните контроверзии по прашањето на заокруженоста на нејзниниот развоен концепт и нејзината задоцнета реструктурализација во споредба со тогашните услови на глобален план, како и проблемите на челичната индустрија во Република Македонија во новатата политичка констелација, институционалните промени и критичкиот осврт на нејзиното организационо и сопственичко преструктуирање, односно на предложениот модел на организациско уредување на односите кај носечкиот капацитет во гранката, модуларниот пристап наспроти иманентнатата техно-економска компактност и неделивост и несогледливите последици врз рестартирањето на производството по целата технолошка линија во постприватизациониот период, како институционална рамка за нејзиниот одржлив развој се исто така значаен аспект на истражувањето. Од една страна тоа е развојниот потенцијал на самата гранка и нејзината подготвеност во актуелниот историски контекст да одговори на конјунктурните пазарни предизвици, а од друга страна институционалната рамка која треба да обезбеди нормални парарни услови за нејзино стопанисување и за одржување одржлива развојна динамика. Целта е да се истакне непримереноста на применетиот модел на организационо и сопственичко преструктуирање, неговата уникатност и апсурдност и неговата инкомпатибилиност со познатите искуства и со европскиот интеграциски процес, како и да се укаже на длабоките последици врз физиономирањето на челичната индустрија како значаен сегмент од индустриската структура на националната економија и како пропуштена можност за посоодветна валоризација на нејзиниот генерирачки потенцијал. Притоа вниманието се задржува на консолидациите на челичната индустрија во меѓународни рамки како современа форма на интернационализацијата на капиталот и како нов глобализациски феномен. Националната челична индустрија е презентирана и во светлината на регионалната економска соработка и на мултилатералниот трговски систем и особено во светлината на евроинтеграциските процеси како значајно реформско прашање од евроинтеграциската агенда. Притоа на сериозна критика се изложува и понуденото концептуално решение од ангажираните странски консултанти за преструктуирање на националната челична индустрија и за подобрување на нејзината конкурентска положба, согласно со критериумите на меѓународната компетитивност и стандардите примерени на нормалните пазарни услови во глобални рамки, отсуството на посериозна анализа на доминирачките трендови (корпоративни, технолошки, сопственички) во поширокото динамично опкружување и изгледите на македонската челична индустрија, нејзината сензитивност од енергетска и суровинска гледна точка и од гледна точка на расположливите превозни капацитети (нивното неосновано високо ценовно ниво и генерирањето неконкурентна трошковна структура по тој основ) и најмногу од сè отсуството на посериозен ангажман на државата во имплементацијата на содржаните препораки. Основните претпоставки за одржлив развој на македонската челична индустрија се

исто така посебно елаборирани и тоа не само од аспект на расположливите билансни количини и капацитетни големини, туку и од аспект на консеквентната политика кон овие носечки развојни детерминанти, претстојните активности на нивните структурни приспособувања и нивната комплементарност со развојните перспективи на националната челична индустрија како одговор на прашањето дали развојните проекции на челичната индустрија во Република Македонија имаат навистина реална основа. Комплексноста на презентираните содржини и анализата на нивната историска генеза и нивната економска суштина дава одговор на бројни прашања сврзани со челичната индустрија во светот и во Република Македонија.

Како заклучно согледување истражувањето:

- ја потврдува и тезата за тесната поврзаност на развојната динамика на светската економија со нивото на развиеноста на нејзиниот челичен сектор;
- укажува на задоцнетите одговори на сериозните преструктуирања на националните челични индустрии на индустриски развиените земји и предолго одржуваните структурни диспропорции со долгорочни реперкусии во националната економија;
- го изложува на сериозна критика применетиот модел на организационо сопственичка реструктурализација и да се нагласи нејзиното погубно влијание врз можниот избор на развојните опции на гранката;
- го истакнува нагласениот динамизам на промените на глобален план (технолошки, сопственички, корпоративни), нивното темпо и насока на движење и да се посочи местото на македонската челична индустрија во тој контекст;
- утврдува која е маркетиншката позиција на македонската челична индустрија во светлината на односите со ЕУ, СТО, ЦЕФТА;
- ги посочува носечките детерминанти за одржлив развој на македонската челична индустрија и да се оцени издржаноста и примереноста на прокламираната индустриска политика кон овој значаен сегмент на националната економија.

Трудот **„Местото и улогата на големите потрошувачи во електроенергетскиот систем на Република Македонија“** презентиран како воведно излагање на меѓународното советување „Енергетика 2008“ во Охрид (9-11.10.2008 г.) укажува на сериозните електроенергетски дисбаланси во рамките на националната економија и на новите законски решенија кои положбата на големите потрошувачи (првенствено носечките електрометалуршки капацитети) ја прават исклучително деликатна, доведувајќи го во прашање не само тековното одвивање на нивните производни активности, туку и нивното натамошно опстојување како производни субјекти воопшто. Во трудот се констатира дека транзиционите промени не доведоа до позначителни структурни приспособувања на енергетскиот сектор како карактеристика на технолошки современите општества ни до позначајни поместувања во секторската застапеност, задржувајќи го високото учество на електрометалуршките капацитети во индустриската структура како реалност без објективни можности за промена на структурните односи во догледен период. Исто така се констатира дека отсуството на посериозен однос кон подигањето на електроенергетските извори во постприватизациониот период во Република Македонија, односно отсуството на конзистентна енергетска политика и стратегија на долг рок е основната причина за нагласената електроенергетска дефицитарност и тоа како проблем не може да му се припише на рестартираниот металуршки сектор. Клучна констатација на трудот е дека целиот тој сектор и носечките субјекти во гранката, кои согласно со постојниот закон за енергетика се тарифни потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа имаат легитимно уставно право на правичен и недискриминирачки третман постулиран и на основните интенции на Законот за енергетика и на ЕУ директивите во делот на енергетската политика и принципиелно очекување адресирано до извршната власт. Тоа се реферира на важечката легислатива, но и кореспондира со практиката во повеќето европски земји кон кои се насочени нашите определувачки економски и политички амбиции. Односно, дека либерализацијата како можност за избор на снабдување со електрична енергија како тарифни или како квалификувани потрошувачи и законската основаност на одлучувањето

на операторот на електропреносниот систем за соодносот на понудените количини од домашно производство и од увоз ни во кој случај не би можела да се поистовети и да се наметне како согласност за промена на статусот од „тарифни потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа” во единствено „квалификувани потрошувачи целосно упатени на снабдување со електрична енергија од увоз” заради инкомпатибилноста на таа одлука на „МЕПСО” со принципите на правичност и недискриминираност содржани и во Законот за енергетика и експлицитно наведените ставови во Европската директива 2003/54/ЕС. Оттаму пораката на оваа економски определувачка и во исто време енергетски исклучително сензитивна индустриска структура содржана во трудот да остане и натаму рамноправен учесник на домашниот пазар на електрична енергија, со можност дел од стварните потреби од електрична енергија да ги задоволува на идентичен начин како и останатите индустриски потрошувачи во земјава.

**МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ**

Повеќе од тридецениското професионално ангажирање на д-р Митко Кочовски на високи раководни позиции во стопанството е постојано следено со завидна научноистражувачка активност од соодветните области. Релевантните објавени трудови, бројните учества во значајни домашни и странски научноистражувачки проекти, како и учества на домашни и меѓународни конференции и советувања претставуваат основа за висока оценка на неговите постигнати резултати.

Комисијата констатира дека кандидатот д-р Митко Кочовски ги исполнува конкурсните услови.

Комисијата исто така констатира дека објавените бројни научни и стручни трудови го заслужуваат вниманието на научната и стручната јавност.

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ **да го избере д-р Митко Кочовски за наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област микроекономија.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Антонија Јосифовска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Наталија Николовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Милан Илиески, член, с.р.**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Митко Кочовски, во изборниот период 2009 година, според Критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | |
| | | | |
| **Научно-истражувачка(НИ)** | | | |
| Пленарио предавање на научен собир | 12 | 3 | 36 |
| Одржано предавање на научен собир | 1 | 8 | 8 |
| Учесник во научен проект | 3 | 2 | 6 |
| Одбранета докторска теза | 2 | 3 | 6 |
| Претседател на организационен или научен одбор на научен одбор на научен собир | 2 | 1 | 2 |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна(СА+ОР)** | | | |
| Учество на стручен собир со реферат | 22 | 0,5 | 11 |
| Елаборати и експертизи | 3 | 4 | 12 |
| **Вкупно** | | | **81** |